**СПОРТСКИ ИГРИ ЗА МЛАДИ**

# ПРАВИЛНИК ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ
# МАЛ ФУДБАЛ
# И
# ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК

**Во Скопје, март 2026.**

**П Р А В И Л Н И К З А Н А Т П Р Е В А Р У В А Њ Е**
**МАЛ ФУДБАЛ**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1.**

Со овој Правилник се утврдуваат општите и посебните услови за одржување на натпреварите во мал фудбал на Спортски игри за млади (во понатамошниот текст: СИМ).

**Член 2.**

Право на учество во натпреварувањето имаат сите слободно формирани екипи кои се пријавиле до денот на заклучување на пријавите.

**Член 3.**

Натпреварувачите сами ги формираат своите екипи без оглед на тоа дали се или не се членови на некој спортски или училишен клуб.

**Член 4.**

Натпреварувањето се одвива во следниве категории:

| СПОРТ | МАКС. ИГРАЧИ | КОНКУРЕНЦИЈА | ВОЗРАСНА КАТЕГОРИЈА |
|---|---|---|---|
| МАЛ ФУДБАЛ<br>МАЛ ФУДБАЛ | 10<br>10 | Машка<br>Женска | 2011 и помлади<br>2011 и помлади |
| МАЛ ФУДБАЛ | 10 | Мешана | 2015 и помлади |

**Член 5.**

Натпреварувачите имаат право да се пријават и учествуваат во повеке спортови.

**Член 6.**

Натпреварувачите имаат право да настапуваат само за една екипа во една возрасна категорија во еден регион. Имаат право на настап и за друга екипа во друг регион во истата возрасна категорија. Во случај на пласман на двете екипи на Државната завршница, мораат да изберат една екипа за која ќе настапуваат.

**Член 7.**

Натпреварувачите од помладите категории можат да настапуваат и во постарите категории.

**Член 8.**

Сите натпреварувачи настапуваат на сопствена одговорност и треба да бидат физички и психички способни и подготвени за натпреварување. Организаторите не се одговорни за евентуални повреди или здравствени проблеми кои би можеле да се случат во текот на натпреварувањето.

**Член 9.**

На натпреварите можат да настапат играчи чиј идентитет е утврден. Идентитетот на играчот го утврдува записничарот или координаторот на спортот во присуство на претставник на екипата, пред почетокот на натпреварот. Идентитетот се утврдува со кој било документ со слика (пасош, ученичка книшка, спортска легитимација, и сл.), или со копија од уверение за државјанство или извод од матична книга на родените

**Член 10.**

Натпреварувањето во мал фудбал на СИМ се состои од 6 нивоа на натпреварување:

- Училишно натпреварување
- Општинско – меѓуопштинско натпреварување
- Зонско натпреварување
- Регионално натпреварување,
- Државна завршница и
- Големо меѓународно Финале (во понатамошниот текст – Меѓународно натпреварување).

**Член 11.**

Одделот за натпреварување на СИМ го одредува местото на одигрување на општинските, зонските и регионалните натпревари, за што натпреварувачите ќе бидат навремено известени.

**Член 12.**

Победниците на училишните натпревари учествуваат на општинските натпревари. Овие натпревари се играат по куп систем. Првопласираните екипи од ова ниво се пласираат на зонските натпревари.Победниците на зонските натпревари се пласираат на регионалните натпревари.Првопласираните екипи на регионалните натпревари се пласираат на Државната завршница.

**Член 13.**

Доколку организаторот не е во можност да обезбеди транспорт, натпреварувачите се должни во своја организација да дојдат на натпреварувањето на второ,трето и четврто ниво (општинско,зонско и регионално натпреварување).

**Член 14.**

Со натпреварувањето раководи Одделот за натпреварување на Спортските игри на младите.

**Член 15.**

Одделот за натпреварување на СИМ има право да повика екипи или поединци на Државно или Меѓународно натпреварување иако не победиле на првото ниво на натпреварување, а се истакнале со посебно залагање на натпреварувањето или со некои други заслуги (фер плеј).

**Член 16.**

Екипите во мал фудбал кои се пласирале на Зонско/Регионално/Државно/Меѓународно натпреварување имаат право на промена/дополнување на 2 играчи.

**Член 17.**

Одделот за натпреварување на СИМ именува општински координатори кој се задолжени за организација и спроведување на првото и второто ниво на натпреварување на СИМ на подрачјето на општината. Координаторот формира Куп – систем врз основа на пријавените екипи и поединци. Куп системот се формира со ждрепка во која влегуваат сите пријавени екипи и поединци. Победниците од трите општински-меѓу општински целини се пласираат на зонските натпревари.

**Член 18.**

Одделот за натпреварување на СИМ именува зонски и регионални координатори кој се задолжени за организација и спроведување на третото и четвртото ниво на натпреварување на СИМ на подрачјето на регионот. На Зонските натпревари екипите играат во Лига систем а на регионалниот Куп – систем.

**Член 19.**

Одделот за натпреварување на СИМ именува координатор на спортот кој со помош на општинските, зонските и регионалните координатори е задолжен за организација, спроведување и контрола на натпреварувањето и должни се да се грижат за успехот на организацијата на натпреварувањето. на подрачјето на цела Македонија.

**Член 20.**

Координаторите го известуваат Одделот за натпреварување на СИМ за термините на натпреварувањата, а утврдените термини не можат да се менуваат освен во вонредни кризни случаи.

**Член 21.**

Одделот за натпреварување на СИМ може во оправдани случаи да одобри промена на терминот на натпреварување.

**Член 22.**

Координаторите писмено ги информираат (по е-пошта) натпреварувачите за времето и местото на одигрување на турнирот. Натпреварувачите се должни редовно да ја проверуваат е-поштата на адресата која ја дале при пријавувањето во натпреварувањето на СИМ.

**Член 23.**

Лицата од Одделот за натпреварување на СИМ, координаторите на натпреварувањето, судиите, водачите на екипите и натпреварувачите, се должни да се придржуваат до одредбите кои ги одредуваат овој Правилник за натпреварување и дисциплинскиот правилник. Должни се, исто така, да дојдат на натпреварувањето соодветно облечени и да се однесуваат примерно. Не смеат да пушат и да консумираат алкохол на или непосредно до спортските терени (Мисија на СИМ: „ЖИВЕЕМЕ ЖИВОТ БЕЗ ДРОГА БИДЕЈЌИ ДРОГАТА ГО ЗЕМА ЖИВОТОТ“).

**Член 24.**

Секоја екипа мора да одреди лице кое ќе ја претставува на натпреварот. Претставникот или водачот на екипата му предава на записничарот список на екипата

најдоцна петнаесет минути пред почетокот на натпреварот, и учествува во утврдувањето на идентитетот на играчите, во запишувањето на податоците во записникот на натпреварот и во потпишувањето на записникот.

**Член 25.**

Екипата која нема да дојде на натпреварувањето го губи натпреварот без борба (службено). Евентуално второ отсуство (доколку се работи за натпреварување во групи) повлекува дисквалификација и губење на сите натпревари без борба, т.е. сите натпревари се регистрираат во корист на противникот.

**Член 26.**

Доколку екипите или поединците вложат жалба, должни се да ја поднесат по писмен пат најдоцна следниот ден до 12:00 часот, а истата ја најавуваат со запишување во записникот по завршувањето на натпреварот.

**Член 27.**

За дисциплинските прекршоци што ќе ги направат екипите, играчите, судиите, координаторите или останатите службени лица во ова натпреварување одлучува дисциплинската комисија на СИМ и координаторите на натпреварувањето врз основа на Дисциплинскиот правилник на СИМ.

**Член 28.**

Сите натпревари ги водат судии кои имаат целосно овластување да ги применуваат правилата на играта во врска со натпреварот за кој се именувани да судат, и тоа од моментот кога ќе дојдат на игралиштето па до своето заминување.

**Член 29.**

Судиите се обврзани да ги судат натпреварите во пропишана судиска опрема како што налагаат правилата на поединечниот спорт и да бидат уредно избричени.

**Член 30.**

Судиите не смеат да носат дресови на кои постојат обележја на компании, а кои не се спонзори на СИМ. Доколку на облеката на судијата постојат спонзорски обележја, координаторот на спортот ќе му даде на судијата маркер или маица на СИМ која ќе ја облече преку судискиот дрес

**Член 31.**

Организаторот на натпреварувањето ќе ги награди најуспешните натпреварувачи на Државното и Меѓународното натпреварување со пригодни награди (медали или пехари).

**Член 32.**

Натпреварувачите сами ги избираат имињата според кои ќе се вика нивната екипа. Во случај тие имиња да се несоодветни (непристојни, навредливи итн.), и ако екипите носат имиња на компании кои се конкуренција на спонзорите на СИМ, Одделот за натпреварување на СИМ има право да ги промени таквите имиња. Натпреварувачите од таа екипа можат да изберат друго име за својата екипа. Во случај екипата да не сака да настапува под друго име, таквата екипа нема право на настап на натпреварувањето, односно автоматски се дисквалификува.

**Член 33.**

Натпреварувачите на натпреварувањата можат да играат во своја опрема. Доколку играчите на една екипа дојдат на натпреварување во различни дресови или маици, координаторот на спортот ќе им подели маркери, кои треба да ги облечат за екипите полесно да се распознаваат на теренот и за да не ги доведуваат во заблуда судиите и противничките играчи.

**Член 34.**

Во посебни пригоди (фотографирање и снимање на финалните натпревари) натпреварувачите се должни да носат опрема, маркери или дресови на СИМ или спонзорите кои ќе им ги достави Одделот за натпреварување на СИМ.

**Член 35.**

СИМ имаат право на користење на собраните податоци без надомест и визуелниот материјал (фотографии и снимки) од натпреварувањата во комерцијални цели (за промоција на СИМ, спонзори и сл.).

**Член 36.**

На Државното/Меѓународното натпреварување водачите мораат да имаат минимум 25 години. Екипите кои ќе дојдат на Државно/Меѓународно натпреварување со водич помлад од наведеното се враќаат дома на свој трошок.

**Член 37.**

Строго е забрането да се носат мали деца (најчесто деца на водачитее) под оправдување дека се членови на екипата. Во тој случај целата екипа се враќа назад дома на свој трошок.

**Член 38.**

Строго е забранета каква било консумација на алкохол за време на патувањето и натпреварувањето на Државните и Меѓународните завршници. Во спротивно екипите ќе бидат вратени дома на свој трошок.

## 2. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ
## 2.1. МАЛ ФУДБАЛ

**Член 1.**

Екипата може да пријави најмногу 10 играчи. Списокот на пријавени играчи не може да се менува во текот на натпреварувањето.

**Член 2.**

Натпреварите во сите категории се играат со 6 играчи (5+1). Натпреварите се играат со топка со големина 4 (која скока).

**Член 3.**

Натпреварувањето се одржува на игралиште со ракометни димензии: 40 метри x 20 метри со ракометни голови 3m x 2m.

**Член 4.**

Натпреварот на првото, второто и третото ниво трае 2 x 10 минути, а на останатите нивоа (Регионално/Државно/Меѓународно) трае 2 x 15 минути со одмор од 5 минути. Времето не се запира по судискиот свиреж, освен во случај на тајм-аут или вонредни настани како што се потешка повреда, дисциплински прекршок на учесник или публика, и технички дефект.

**Член 5.**

Екипата не може да го започне натпреварот без пет (5) играчи од кои еден е голман, а ако во текот на играта една екипа остане со помалку од четири (4) играчи (вклучувајќи го голманот) натпреварот се прекинува.

**Член 6.**

Секоја екипа има право во едно полувреме еднаш да побара минута одмор (тајм-аут). Минута одмор бара водачот - тренер, а се одобрува во првиот прекин на играта, кога екипата која барала тајм-аут е во посед на топката.

**Член 7**

Во составот на екипата во конкуренција 2015 и помлади , може да бидат и девојчиња родени 2014 год.

**Член 8.**

Замена на играчи може да се изврши во текот или за време на запирањето на играта, со тоа што играчот кој се заменува мора да го напушти игралиштето во сопственото подрачје за замена (кај средишната линија, покрај клупите за резервни играчи). Тогаш замената може да влезе во теренот за игра и тоа само на сопственото подрачје за замена на играчи. Голманот може да се менува како летечка измена. Бројот на замени е неограничен.

**Член 9.**

Поради потежок прекршок или неспортско однесување играчот се исклучува, без право на замена, а неговата екипа игра две минути со играч помалку или до примен гол. Автоматската казна забрана за играње на еден натпревар настаната поради исклучување, играчот ја издржува на првиот следен натпревар, за што одлучува координаторот на натпреварувањето. Во зависност од тежината на прекршокот и казната може да биде и забрана за играње на повеќе натпревари.

**Член 10.**

Играчите можат непречено да играат со својот голман, но голманот не може да ја прими или да ја игра топката со рака ако намерно му ја враќа соиграч. Уфрлањето на топката во игра (аут) се изведува од или зад страничната линија на теренот за игра. Сите продолженија на играта мораат да се изведат во рок од 4 секунди.

**Член 11.**

Во текот на одигрувањето на натпреварот покрај теренот за игра, на клупата за резерви може да се наоѓа само водичот/тренерот.

**Член 12.**

Секоја екипа во натпреварувањето е обврзана натпреварот да го одигра со својата најдобра екипа.

**Член 13.**

Во случај на нерешен исход на натпреварот, се изведуваат удари од точката за изведување казнени удари (оддалеченост 6 метри). Екипите изведуваат по три (3) удари (наизменично по еден), а ако ни тогаш нема победник се изведува по еден удар сè додека не се добие победник и тоа на начин што казнениот удар го изведуваат преостанатите пријавени играчи на поединечната екипа по однапред одреден распоред. Казнените удари не смеат да ги изведуваат играчи кои се исклучени од играта.

**Член 14.**

Во лига систем екипата која ќе победи на натпреварот освојува 3 (три) бода, а кај нерешен резултат секоја екипа освојува по 1 (еден) бод (доколку се игра по групи).
Пласманот на табелата се утврдува со збирот на освоени бодови.
а) Ако екипите освојат ист број на бодови, пласманот се утврдува врз основа на дополнителна табела од резултатите кои во меѓусебните натпревари ги постигнале екипите со еднаков број на бодови.
б) Ако збирот на бодови е еднаков, одлучува разликата помеѓу дадените и примените голови во дополнителната помошна табела.
в) Ако и овој критериум е еднаков тогаш подобро место на табелата зазема екипата која постигнала повеќе голови во дополнителната помошна табела.
г) Ако и овој критериум е еднаков подобро место на табелата зазема екипата која има подобра разлика на вкупно примени и дадени голови од сите екипи во групата вклучувајќи ги и екипите кои не влегле во дополнителната табела.
д) Во случај на иста вкупна гол разлика, подобро место на табелата зазема екипата која постигнала повеќе голови.
ѓ) Ако и овој критериум е еднаков, прашањето за пласманот ќе се утврди со ждрепка.

**Член 15.**

Ако натпреварот е прекинат од оправдани причини кои не можеле да се отстранат (невреме, магла,прекин на електрична енергија, пожар, земјотрес и др.), за што одлучува судијата, ќе се одигра нов натпревар доколку до прекинот дошло пред истекот на 80% од регуларното време одредено за игра. Ако натпреварот е прекинат по истекот на 80% од регуларното време одредено за игра, ќе се регистрира со постигнатиот резултат.

# Д И С Ц И П Л И Н С К И П Р А В И Л Н И К

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1.**

Дисциплинскиот правилник на Спортските игри за млади (во понатамошниот текст: правилник), ги пропишува постапката и казните за: лицата од Одделот за натпреварување на СИМ, координатори по спортови, регионални и зонски координатори, судиите и записничарите (во понатамошниот текст сите: службени лица), водачите на натпреварувачите и натпреварувачите ако во текот на својата спортска дејност и активност ги прекршат одредбите на правилникот и на кој било друг начин го нарушуваат угледот на игрите и натпреварувањата во рамките на СИМ.

**КАЗНИ**

**Член 2.**

Според одредбите на овој правилник за сторен прекршок ќе се казнат натпреварувачите, водачите, екипите и службените лица ако прекршокот е сторен со намера или од небрежност. За прекршок сторен од небрежност може да се изрече поблага казна. За утврдување на неправилностите и одредување на казните одговорна е Дисциплинската комисија на СИМ, потоа координаторот на натпреварувањето и координаторот на спортот.

**ЦЕЛ НА КАЗНАТА**

**Член 3.**

Целта на казнувањето е да помогне во правилното воспитување на децата и младите, како и на останатите учесници, да обезбеди правилна примена на прописите на СИМ и да влијае на сторителите и останатите лица на кои се однесуваат овие одредби да не прават прекршоци.

**НЕПОЗНАВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ**

**Член 4.**

Непознавањето на правилникот не ја исклучува одговорноста на прекршителот, но може да влијае на негово поблаго казнување, ако непознавањето е оправдано.

**ОБИД**

**Член 5.**

Дисциплински прекршок е обид кога сторителот со намера започнал прекршочно дејствие, а штетната последица не настапила. Прекршителот кој останал во обид, се казнува со казната пропишана за прекршокот, а може да се казни и поблаго.

**ПОТТИКНУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ**

**Член 6.**

Кој ќе поттикне друг или ќе му помогне да стори прекршок, ќе се казни исто како и прекршителот, со тоа што помагачот може да се казни поблаго.

**КАЗНИ ЗА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА**

**Член 7.**

За сторен дисциплински прекршок, можат да се изречат следниве казни:

- ОПОМЕНА
  Казната опомена се изрекува за дисциплински прекршоци кои се од таква природа и сторени под такви околности што е доволно сторителот да се предупреди на обврската за придржување до прописите.
- УКОР
  Казната укор се изрекува во особено лесни случаи, кога прекршокот е сторен под особено лесни околности, а органот што ја води постапката ќе оцени дека оваа казна ќе ја постигне општата цел на казнувањето.
- ЗАБРАНА ЗА НАСТАП ИЛИ ВРШЕЊЕ ДОЛЖНОСТ НА ОДРЕДЕН БРОЈ НАТПРЕВАРИ ИЛИ НАСТАПИ
  Оваа казна подразбира забрана за настапување или вршење должност на одреден број натпревари или настапи. Казната се изрекува во траење од еден (1) до пет (5) натпревари или други настапи.
- ВРЕМЕНСКА ЗАБРАНА ЗА НАСТАПУВАЊЕ ИЛИ ВРШЕЊЕ ДОЛЖНОСТ
  Казната подразбира забрана за настапување или вршење должност за одреден временски период. Казната може да се изрече во траење до две години. Лицата казнети со забрана за настапување на одредено време не можат да настапат само на оние натпревари што ги опфаќа таа казна.
- ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ИГРИТЕ
  Со казна исклучување од игрите ќе се казни ако прекршокот е сторен под особено тешки околности, кога сторителот постапил особено одлучно, упорно или безмилосно или прекршокот предизвикал особено тешки последици.
- ПАРИЧНА КАЗНА
  На службените лица може да им се изрече парична казна за дисциплински

прекршоци предвидени со овој правилник. Дисциплинската комисија на СИМ донесува одлуки за висината на паричните казни за службените лица.

**Член 8.**

При одредувањето на казната се земаат предвид сите околности кои влијаат на висината на казната, а особено: тежината на сторениот прекршок и неговите последици, степенот на одговорност на прекршителот, побудите од кои е сторено делото, околностите под кои е извршено, моралните особини на прекршителот и држењето по извршениот прекршок. Во случај кога постојат такви олеснителни околности кои укажуваат дека и со поблага казна може да се постигне целта на казнувањето, органот што постапува може да одмери казна под границата предвидена со овој правилник.

## ПРЕКРШОЦИ НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА

**Член 9.**

Службено лице кое во врска со вршењето на својата должност недоволно се залага и не се придржува, односно не ги спроведува заклучоците и одлуките, ги омаловажува одлуките или покаже недоволно познавање на правилникот за натпреварување, ќе биде казнето со:
▪ опомена
▪ укор
▪ изоставување во едно или повеќе кола,
а во потежок случај ќе биде:
▪ исклучено од СИМ
▪ и парично казнето.

Службено лице кое учествува во наговарање, поткупување, договарање или лажирање, и кое ги наговара играчите или други лица да не играат како што знаат и можат и да не се залагаат за својата екипа, ќе биде казнето со:
▪ исклучување од СИМ
▪ парична казна

Службено лице кое учествува во нерегуларност на натпреварот или натпреварувањето така што ќе послужи или ќе им наштети на екипите или на друг начин ќе го повреди правилникот за натпреварување, ќе се казни со:
▪ исклучување од СИМ
▪ парична казна

Службено лице кое поттикнува омраза, расизам, насилство, кое навредува, клевети и насилно се однесува, ќе се казни со:
▪ исклучување од СИМ
▪ парична казна

Службено лице кое во одреденото време нема да дојде да ја изврши својата задача, а не ја откажало навремено, ќе се казни со:
▪ забрана за настап или вршење должност на одреден број натпревари или настапи
▪ временска забрана за настапување или вршење должност
▪ исклучување од СИМ
▪ парична казна

Судија на кој ќе му се поништи натпревар поради суштинска повреда на правилникот ќе се казни со:
▪ забрана за настап или вршење должност на одреден број натпревари или настапи
▪ временска забрана за настапување или вршење должност
▪ парична казна

Судија кој не ги почитува одредбите на правилникот во врска со личниот изглед или пропишаната опрема, ќе се казни со:
▪ укор
▪ забрана за настап или вршење должност на одреден број натпревари или настапи
или во потежок случај:
▪ временска забрана за настапување или вршење должност
▪ исклучување од СИМ
▪ парична казна

## КАЗНИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ И ВОДАЧИТЕ НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

### Член 10.

За сторен дисциплински прекршок, можат да се изречат следниве казни:

а) ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ИГРАЧ НА НАТПРЕВАР
Натпреварувач кој на натпревар ќе биде исклучен, а тоа не претставува некој друг прекршок опишан во овој правилник, ќе биде казнет со:
▪ забрана за играње на најмалку еден (1) и најмногу пет (5) следни натпревари (ако е исклучен во финале на зонско или регионално натпреварување, на натпреварувачот нема да му се забрани настап на првиот натпревар од Државното  или Меѓународно натпреварување, освен во случај на потешко неспортско однесување).

б) НЕСПОРТСКО ОДНЕСУВАЊЕ
Кој неспортски се однесува кон играч на својата или на противничката екипа, службено лице и гледачи за време на играта, по играта, на теренот или надвор од него, ќе биде казнет со:
▪ укор
▪ одземање бодови на екипата
▪ забрана за играње или вршење должност до шест месеци

За неспортско однесување се смета: пцуење, непристојни гестови, приговарање и пркосење на одлуките на судиите, плукање на друго лице, како и предизвикување на играчи од својата и противничката екипа, вработени и гледачи со зборови, движења и гестови, омаловажување на одлуки, како и сите оние дејствија кои можат да му наштетат на угледот на СИМ.

в) ФИЗИЧКИ НАПАД

Натпреварувач кој за време на играта ќе удри свој или противнички играч ќе биде казнет со:

▪ забрана за настап на одреден број натпревари или настапи

▪ временска забрана за настапување

▪ исклучување од СИМ

Натпреварувач или водач на екипа кој физички ќе нападне службено лице на теренот или надвор од него, ќе биде казнет со:

▪ исклучување од СИМ

г) ПРЕКИН НА ИГРАТА, НАПУШТАЊЕ НА ТЕРЕНОТ И НЕИГРАЊЕ НАТПРЕВАР

Ако натпреварот се прекине по вина на еден или повеќе играчи од една екипа, екипата ќе биде казнета со:

▪ исклучување од СИМ

Натпреварувач или водач на екипата кој ја наговара екипата од кои било причини да го напушти теренот или да не започне да игра, ќе биде казнет со:

▪ исклучување од СИМ

Ако наговарањето го прифатат и останатите играчи, екипата и поединците ќе бидат казнети со:

▪ забрана за играње во траење од шест (6) месеци до две години

Екипа или поединец кој нема да дојде на натпреварувањето го губи натпреварот (мечот) без борба (службено). Второ отсуство повлекува дисквалификација и губење на сите натпревари без борба, т.е. сите натпревари се регистрираат во корист на противникот.

д) НЕПРАВИЛНИ НАСТАПИ

Натпреварувач кој настапил на СИМ, а според одредбите на правилникот немал право на настап:

- бидејќи бил постар од одредената возрасна категорија, ќе биде казнет со:
  ▪ дисквалификација на тој поединец или екипата за која настапувал од понатамошното натпреварување во тековната година. Доколку тој поединец да настапува и во останатите спортови, ќе биде дисквалификуван и од сите останати спортови на СИМ, дури и ако не ги повредил правилата во останатите спортови.
  ▪ одземање бодови на екипата
- бидејќи настапувал за две екипи во ист спорт и иста возрасна категорија, ќе биде казнет со:
  ▪ дисквалификација на тој поединец или екипата за која настапил од понатамошното натпреварување во тој спорт.
  ▪ одземање бодови на екипата

- бидејќи настапил иако имал забрана за настап (црвен картон и сл.), ќе биде казнет со:
  ▪ дисквалификација на тој поединец од понатамошното натпреварување во тој спорт, а екипата со губење на натпреварот и бодовите.

ѓ) ПОТТИКНУВАЊЕ ОМРАЗА ИЛИ НАСИЛСТВО
Натпреварувач кој јавно поттикнува други на омраза или насилство, и кој јавно навредува, омаловажува или дискриминира други на расна основа (вклучувајќи и боја на кожа), национална, регионална или верска, како и кој истакнува симболи на нетрпеливост, ќе се казни со:
▪ исклучување од СИМ

**Член 11.**

Секој обид за давање лажни, неточни или нецелосни податоци или неовластено преправање на значајни податоци во пријавата ќе се казни на следниот начин: поединецот или екипата: со исклучување од СИМ или одземање бодови.

**Член 12.**

Казната за поединец може да се однесува и на целата екипа.

**Член 13.**

Службените лица, водачите на екипите и натпреварувачите, се должни да дојдат на натпреварувањето соодветно облечени и да се однесуваат примерно, и не смеат да пушат или да консумираат алкохол на или непосредно до спортските терени.

**Член 14.**

Сите учесници на Завршното натпреварување мораат да се придржуваат до нормите на однесување. Во сместувачките и спортските објекти е забрането секакво внесување и консумирање алкохол и пушење. Секое кршење на тоа правило повлекува дисквалификација на натпреварувачот од СИМ и враќање дома на свој трошок. Исто така, во случај на недолично однесување и можни испади на натпреварувачите, на пр. во случај на направена материјална штета на превозните средства, спортските терени, сместувачките капацитети, сами ќе го сносат трошокот за поправка и ќе бидат вратени дома на сопствен трошок.

**ЖАЛБИ**

**Член 15.**

Во случај екипите или поединците да вложат жалба, должни се да ја поднесат со писмен поднесок најдоцна следниот ден до 12:00 часот, а истата ја најавуваат со запишување во записникот по завршувањето на натпреварот.

**Член 16.**

Против одлуката за прекршок, т.е. казните, може да се поднесе жалба до органот од втор степен. Жалбата се поднесува писмено во рок од 24 часа од приемот на одлуката. Жалбата се предава писмено.

**Член 17.**

Жалбата на одлуката за казна не го одложува извршувањето на забраната за настап или вршење должност.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18.**

За прашања кои не се уредени со овој Правилник, а ќе се појават во дисциплинската постапка, Дисциплинската комисија на СИМ ќе користи други соодветни прописи.

**Член 19.**

Овој Правилник стапува на сила од денот на неговото донесување.

Во Скопје, март 2026.